Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Сл. весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02 и 202/24), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци" бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.12.2024 година донесе:

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР – за 2025 година на ОПШТИНА НОВАЦИ

Член 1

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНСТ |
|---|---|---|
| 1-30 Септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите Сл.в. 203/22<br>Закон за финансирање на ЕЛС Сл. в. 61/04 , 96/04 , 67/07 , 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24 |
| 5 октомври | Градоначалникот и Раководителот на Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. | Градоначалник<br><br>Раководител на Одделението за финансиски прашања |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до одделенијата и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Раководител на Одделението за финансиски прашања |
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Раководителот на Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и буџетски корисници. | Раководители на одделенија<br><br>Буџетски корисници |
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања | Раководител на Одделението за |

| | | |
|---|---|---|
| | б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | финансиски прашања |
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Раководителот на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања. | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20 декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| 24-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС<br>Член 28 став 2. | Совет на Општината |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година | |

Член 2

Ббуџетскиот календар на Општина Новаци за 2025г. , влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Новаци’’.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска